РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
SEKRETARIATI I LEGJISLACIONIT
Бр./Nr. 03-2432/1
14-06-2023 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПОЛИТИКА ЗА СИСТЕМ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО

Содржина

Политика за систем за заштита на личните податоци на Секретаријатот за законодавство ........................................ 3

1. Цел и примена ........................................ 3

2. Општи начела и законитост за обработка на личните податоци ........................................ 4

2.1 Општи начела за обработка на лични податоци ........................................ 4

2.2 Законитост на обработката на личните податоци ........................................ 4

3. Евиденција на активности за обработка на лични податоци ........................................ 5

3.1 Збирки на лични податоци на вработени ........................................ 5

3.2 Збирка лични податоци добиени преку системот за видео надзор ........................................ 7

3.3 Збирка на податоци за постапување по барања за слободен пристап на информации од јавен карактер ........................................ 7

3.4 Збирка на податоци за постапување по пријави за укажувачи ........................................ 8

4. Рокови за чување на личните податоци ........................................ 8

5.1 Техничките и организациските мерки за заштита на личните податоци ........................................ 9

5.2 Донесени акти со цел поддршка на технички и организациски мерки за заштита на личните податоци ........................................ 10

5.3 Офицер за заштита на лични податоци и лице овластено лице за сигурност на информацискиот систем (администратор на информацискиот систем) ........................................ 11

5.4 Организациски единици ........................................ 11

5.5 Пристап на трети лица ........................................ 12

6. Ревизија на политиката ........................................ 12

7. Завршни одредби ........................................ 12

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 110/19), а во врска со член 28 од Законот за заштита на личните податоци(*) („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 42/20 и 294/21) и член 6 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/20), секретарот на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија донесе,

**Политика за систем за заштита на личните податоци на Секретаријатот за законодавство**

1. **Цел и примена**

Со оваа политика се дефинира системот на зашита на личните податоци во Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Секретаријатот) во својство на контролор, со кој се применува обезбедување на тајност и заштита на обработка на личните податоци и кој одговара на природата, обемот и сложеноста на активностите коишто контролорот ги врши при обработката на личните податоци и ризиците на кои е изложен.

Секретарот на Секретаријатот, вработените лица и останатите ангажирани лица при вршењето на обработката на лични податоци со своето извршување на работните обврски и задачи ги применуваат сите технички и организациони мерки за да обезбедат ниво на безбедност соодветно на ризикот, а со цел законито обработување на податоците во согласност со Законот за заштита на личните податоци(*) („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 42/20 и 294/21), подзаконските акти кои произлегуваат од истиот, како и актите и прописите од областа на заштита на личните податоци донесени од Агенцијата за заштита на лични податоци и контролорот, истовремено обезбедувајќи ниво на безбедност соодветно на ризикот.